Врз основа на член 29 став и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 50 точка 3 од самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија 202/24) и донесуваната Годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Чучер Сандево за 2019 година од Советот на Општина Чучер-Сандево со одлука бр. 08-1309/10 од 31.12.2018 година, Градоначалникот на општина Чучер Сандево го доставува следниот:

# Ј А В Е Н   П О В И К

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен**

**Урбанистички план за вон населено место за дел од КО Побожје, Општина Чучер Сандево, предлог план, плански период 2020-2025**

Просторот дефиниран за изработка на Предлог **Урбанистички план за вон населено место за дел од КО Побожје, Општина Чучер Сандево, се наоѓа на територија на општина Општина Чучер Сандево, односно КО Побожје.**

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за вон населено место за дел од КО Побожје, Општина Чучер Сандево е прикажана на графичките прилози и истата се движи како што следи:

**- Од Север:** во правец од запад кон исток границата се движи низ кп 2757 (локален пат), продолжува по граница на катастарската парцела 2569 и минува низ кп 2527 се до најсеверната точка 51;

**- Од Исток:** во правец од север кон југ опфатот се движи по границата на катастарските парцели 2531/14, 2530, 2528, 2529, 2533, 2540 и 2547, потоа минува низ кп 2547 и низ кп 2546, продолжува да се движи по границата на катастарските парцели 2546 и кп 2757 (локален пат) се до најисточната точка 261 и продолжува во правец кон југ по границата на кп 2764 (локален пат);

**- Од Југ:** во правец од исток кон запад опфатот се движи по границите на катастарската парцела 4492 се до најјужната точка 188 и продолжува во правец од југ кон север по границата на кп 5194/1;

**- Од запад:** во правец од југ кон север минува низ катастарските парцели 5193/2, 5193/4, 5193/1, 5192/1, 5191/1, 5190/2, 5190/1, 5178, и продолжува по границата на катастарската парцела 2763 (локален пат) се до точка 165 каде продолжува да се движи во правец од запад кон исток низ кп 2763 и продолжува по границите на кп 2677, 2681 и 2680. Опфатот продолжува да се движи во правец кон север по границите на кп 2680, 2689, 2685, 2645/2, 2645/1, 2633, 2631. Минува низ кп 2763 (локален пат), а потоа ја следи границата на кп 2763, минува низ кп 2624 и 2622/1 и продолжува по границата на 2763 до прекржочна точка 105. Потоа минува низ кп 2763 и 2582 и продолжува по границите на кп 2594/2 и минува низ и продолжува по границите на кп 2595. Продолжува да се движи кон север по границите на кп 2599, 2590/2, 2591, 2586 и 2584 се до најзападната точка 66. Продолжува да се движи по границата на кп 2584 и 2585 и минува низ кп 2763 каде завршува во точка 59.

Во рамките на предметниот плански опфат, со вкупна површина од **46,56ha**, односно **465574,755m²**, евидентирани се градби со следниве класи на намена:

➢**А Домување и престој**
А4 – Времен престој (викенд населба)
➢ **В Јавни дејности и институции**
В5.1 – Цркви
➢ **Д Зеленило, рекреација и меморијални простори**
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини
➢ **Е Инфраструктури**
Е1 – Сообраќајни патни инфраструктури
Е2 – Згради и комплекси на инфраструктурни системи

Предлог **Урбанистички план за вон населено место за дел од КО Побожје, Општина Чучер Сандево** во основа е изработена во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.М.“ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)**, како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање**.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по изготвен Предлог **Урбанистички план за вон населено место за дел од КО Побожје, Општина Чучер Сандево, плански период 2020-2025 година,** ќе се спроведува преку информацискиот систем е-урбанизам ( e-urbanizam.mk ), се објавува на официјалната страна на општина Чучер Сандево (cucersandevo.gov.mk), огласна табела на општина Чучер Сандево и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат**.**

**ЈАВНИОТ ПОВИК** за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 03.06.2025 година (вторник) и истиот ќе трае петнаесет дена пред започнување на Јавна анкета и Јавна презентација односно до 18.06.2025 година.

Јавната анкета и јавната презентација по Предлог **Урбанистички план за вон населено место за дел од КО Побожје, Општина Чучер Сандево, плански период 2020-2025 година, ќе се спроведе со излагање на Урбанистичкиот план вон населено место во информацискиот системна е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на општина Чучер Сандево.**

**Јавната анкета ќе трае 30 дена и тоа од 19.06.2025 година (четврток) и истиот ќе трае до 21.07.2025 година (понеделник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 3 јули (четврток) во 11:00 часот во просториите на општина Чучер Сандево.**

Во споменатиот рок, можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма преку информатичкиот систем е-урбанизам.

Број 11-1442
од 30.05.2025 година
Чучер-Сандево

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
Сашко Комненовиќ

SAShKO
KOMNENOVIK
j

Digitally signed by SAShKO KOMNENOVIKj
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4030004559674 + O=OPShTINA ChUChER SANDEVO, OU= OPShTINA ChUChER SANDEVO:4030004559674, G=SAShKO + SERIALNUMBER=CRT3635329 + SN=KOMNENOVIKj + CN=SAShKO KOMNENOVIKj
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2025.06.02 10:01:14+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.0.1